ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА
# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2020 ГОДИНА НА
# МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
# СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (637)

01 2021 03 02/1

Скопје, мај 2022

С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 33 |
| Финансиски извештаи за 2020 година: | |
| Биланс на приходи и расходи | 34 |
| Биланс на состојба | 35 |
| Преглед на промени на извори на капиталните средства | 36 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| - Вовед | 37 - 39 |
| - Сметководствени политики | 39 - 40 |
| - Образложенија кон финансиските извештаи | 40 - 47 |
| Прилози | |
| Прилог 1 - Набавки на прехранбени артикли извршени по истекот на важноста на рамковната спогодба | |
| Прилог 2 - Забелешки на Нацрт извештај | |
| Прилог 3 - Одговор на забелешки на Нацрт извештај | |

Кратенки користени во извештајот:

Министерство - Министерство за внатрешни работи
СВР - Сектор за внатрешни работи
РЦ – Регионален центар
РСМ – Република Северна Македонија
ЕСЈН – Електронски систем за јавни набавки
МФ – Министерство за финансии
УБК – Управа за безбедност и контраразузнавање
Оддел за општи и заеднички работи - Оддел за општи и заеднички работи како дел од организационите единици за потребите на Министерството

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број:10-742/9

Дата: 19.05.2022

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме


Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи на Министерството за внатрешни работи на сметката на основен буџет (637) за 2020 година, заедно со ревизија на усогласеност.

Со извршената ревизија за 2020 година, изразивме мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики.

Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи на Министерството за внатрешни работи на сметката на основен буџет (637) за 2007 година и изразено е мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеноста на активностите, финансиските трансакции, информациите со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Извршена е ревизија на усогласеност и издаден е извештај за начинот и постапките за доделување на договорите за јавни набавки кои се реализираат во 2015 година на Министерството за внатрешни работи и изразивме заклучок со резерва.

Од причина што од извршената ревизија е поминат подолг временски период во кој законската регулатива има претрпено измени, поради што имплементацијата на дадените препораки од претходните ревизии не беа предмет на проверка.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи за 2020 година, заедно со ревизија на усогласеност, ги констатиравме следниве состојби:

- донесена е процедура за следење на договорите по јавни набавки, согласно која следењето на реализацијата на договорите склучени за потребите на СВР и РЦ се врши од страна на организациони единици при СВР и РЦ, иако

согласно наведената процедура надлежноста е на Одделението за менаџмент со договори;

- имајќи ги предвид обемот на работа, хетерогениот карактер на трансакциите, специфичната природа на функционирање, констатиравме дека Министерството нема изработено и донесено сметководствени политики за изготвување, презентирање и обелоденување на финансиските извештаи, со цел внесот на податоци во деловните книги да е во согласност со Меѓународните сметководствени стандарди за јавен сектор,
- кадровската екипираност на одделението за внатрешна ревизија од два внатрешни ревизори, како и бројот на извршени ревизии во текот на годината, влијаат врз обемот на информациите кои ги добива раководното лице за работењето на Министерството како и препораките за подобрување на работењето на Министерството,
- во Упатство за начинот на евидентирање и вреднување на залихите на материјалите, резервните делови и ситниот инвентар во магацините, не е уреден начинот на вреднување на залихите при нивното издавање,
- за приемот и издавањето на прехранбени производи од кујните на Министерството воспоставена е само финансиска, но не и материјална евиденција за следење на влезот и излезот по одделни артикли,
- согласно материјалната евиденција Министерството располага со 513 градежни објекти, од кои за 45 објекти поседува имотен лист како документ за сопственост, додека за 53 градежни објекти се води постапка за легализација, започната во 2013 година,
- Министерството располага со имотни листови за правото на сопственост на земјиштето на 85 организациони единици, од кои само пет се воведени во сметководствената евиденција поради неизвршена проценка на пазарната вредност на земјиштето за останатите 80 организациони единици,
- во финансиските извештаи на Министерството евидентирани се станови и книги во библиотека за кои не е воспоставена материјална евиденција,
- пописот на средствата, побарувањата и обврските не е целосно извршен согласно интерното упатство за вршење на попис и законската и подзаконската регулатива,
- воспоставениот систем на меѓусебна комуникација на организационите единици надлежни за водење на дисциплински постапки, утврдување на штети, водење на тужбени постапки за ненаплатени побарувања на вработени и Одделот за финансиски прашања не обезбедува ефикасен систем за хронолошка и навремена размена на податоци и информации за евидентирање на промените на побарувањата од вработените и на трансакциите во деловните книги,
- вредносниот праг од 12.000 евра во денарска противвредност, под кој Министерството може да врши набавки без да спроведе постапки за јавни набавки е надминат,

- при реализацијата на дел од рамковните спогодби не се изработени поединечни договори за јавна набавка, барањето до носителот на набавката не секогаш е во писмена форма, а дел од истите се реализирани по рокот на важност на спогодбите,
- кај рамковните спогодби за набавка на услуги за тековно одржување на објектите на Министерството, предметот на набавка се услуги, иако преовладуваат градежни активности, при што постапката не е делива иако услугите можат да се извршуваат од различни економски оператори,
- во рамковните спогодби за набавка на прехранбени артикли иако е уреден периодот во кој истите треба да се реализираат, кај дел од истите склучени се анекси со кои се продолжува времетраењето на истите и
- во 2008 година склучен е договор за набавка, испорака и инсталирање на софтверски систем составен од девет модули, од кои до денот на ревизијата предадени се шест модули.

За утврдените неправилности дадени се препораки до одговорните лица во Министерството со цел преземање мерки за надминување на состојбите.

Во делот Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет обелоденети се следниве состојби:

- согласно Законот за Агенцијата за национална безбедност од 01.09.2019 година со работа започнува Агенцијата за национална безбедност, како самостоен орган на државната управа со својство на правно лице. За непречено работење на Агенцијата, целокупниот недвижен и движен имот, опремата, книговодствената евиденција, документацијата, архивата и средствата за работа кои ги користела Управата за безбедност и контраразузнавање се доделени на Агенцијата. Во текот на 2020 година, врз основа на осум Одлуки на Владата на РСМ, предадени се основните средства и ситниот инвентар во владение на Агенцијата, но се уште не е извршено примопредавање на недвижниот имот, информатичката и телекомуникациската опрема,
- судски постапки кои се во тек, а во кои Министерството е тужена страна или има поднесено тужби за наплата на побарувања од вработени и од комитенти,
- прифатени корекции во текот на ревизијата кои имаат влијание на финансиските извештаи и
- податоци за извршени набавки и дадени донациите за справување со здравствената криза предизвикана од КОВИД- 19 вирусот.

Од страна на овластеното лице на Министерството добиени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, истите се разгледани и утврдено е дека најголем дел од забелешките претставуваат известување за преземените активности по дадените препораки, за надминување на констатираните состојби.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна од 34 до 36 заедно со ревизија на усогласеност на Министерството за внатрешни работи на сметката на основен буџет (637), кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2021 година согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи на Министерството за внатрешни работи на сметката на основен буџет (637) за 2007 година и е изразено мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на Министерството за внатрешни работи застапувано од:

- Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи од 31.05.2017 до 02.01.2020 година и од 30.08.2020 година и
- Наќе Чулев, поранешен министер за внатрешни работи од 03.01.2020 до 29.08.2020 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и

изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските

извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 14.06 до 10.12.2021 година кај Министерството за внатрешни работи од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи на Министерството за внатрешни работи на сметката на основен буџет (637) за 2007 година и е изразено мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики. Од причина што од извршената ревизија е поминат подолг временски период во кој законската регулатива има претрпено измени, имплементацијата на дадените препораки од претходната ревизија не беше предмет на тековната ревизија.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот предмет на ревизија, одржан на ден 30.12.2021 година.
Од страна на овластеното лице на Министерството добиени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 10-742/1 од 22.03.2022 година. Забелешките се однесуваат на препораките на точките 4.2.1. 4.3.2, 4.3.3. истите се разгледани и утврдено е дека истите претставуваат известување за преземените активности за надминување на констатираните состојби во Нацрт извештајот.
Забелешките и содржината на одговорот на забелешките се прилог на Конечниот извештај.

Констатирани се следните состојби:

### 4.1. Внатрешни контроли

### Процедура за следење на склучени договори по јавни набавки

4.1.1. Во текот на 2018 година донесена е процедура за следење на договорите по јавни набавки, во која е пропишан начинот на кој ќе се реализира процесот на следење на склучените договори и дека истата ќе се применува во Одделот за општи и заеднички работи, а носител на главните активности е Одделението за менаџмент со договори.

Согласно процедурата, приемот на фактурите по склучени договори треба да се врши во Одделот за општи и заеднички работи, каде по нивното комплетирање со потребните документи се изработува Барање за плаќање, кое се доставува до началникот на одделението за менаџмент со договори и до помошник министерот во одделот за општи и заеднички работи за негово одобрување. Комплетната документација се доставува до Одделот за финансиски прашања за нивна проверка и плаќање.

Исто така во процедурата е предвидено да се врши следење на реализацијата на рамковните спогодби и договорите во однос на количина и цена.

Со извршениот увид во приложената документација ревизијата ги утврди следните состојби:

- *преземање на финансиски обврски* – министерот со Решение врши распределба на буџетот на Министерството по организациони единици (8 СВР, 4 РЦ и Оддел за општи и заеднички работи) и со генерални овластувања има назначено раководни лица за преземање на финансиски обврски. По преземањето на обврските и склучувањето на договорите, приемот на фактурите по дел од договорите (одржување на простории, набавки на гориво, сервисирање на возила), се врши во СВР и РЦ на Министерството, каде се изработуваат и барања на плаќање на истите, иако согласно процедурата приемот на фактурите и барањата за плаќање на обврските се надлежност на Одделот за општи и заеднички работи;
- *следење на реализацијата на рамковните спогодби и договорите* – во донесената процедура предвидено е следењето на реализацијата на рамковните спогодби и договори кај кои предметот на набавка е за потребите на СВР и РЦ, да се врши од страна на Одделението за менаџмент со договори. Воспоставената пракса на следењето на реализацијата и од страна на организационите единици при СВР и РЦ, не е предвидена во донесената процедура;
- реализацијата на склучените рамковни спогодби и договори за јавни набавки се следи во Софтверот за материјално, финансиско, сметководствено и магацинско работење само вредносно, иако во процедурата е наведено дека договорите се следат количински и вредносно.

Воспоставената пракса на прием, евидентирање и плаќање на фактурите, како и вршењето на контроли во рамки на СВР и РЦ, без истите да бидат пропишани во процедурата, создава ризик од различно постапување од страна на СВР и РЦ.

Имајќи предвид дека во текот на ревизијата преземени се активности и донесена е процедура[1] за следење на склучени договори по јавни набавки, согласно воспоставената пракса, ревизијата не дава препорака.

### 4.2. Усогласеност со закони и прописи

4.2.1. Буџетите и буџетските корисници, согласно член 2 став 1 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, се должни да водат сметководство, да составуваат и поднесуваат финансиски извештаи во согласност со овој закон и прифатените сметководствени принципи, сметководствено прифатената практика и сметководствени стандарди, со цел точно, вистинито, сигурно, сеопфатно, благовремено, ажурно и поединечно искажување на билансните позиции, приходите и расходите и резултатите од работењето. Сметководствените стандарди за буџетите и буџетските корисници кои се применуваат во РСМ се Меѓународните сметководствени стандарди за јавен сектор, кои се објавени од страна на министерот за финансии. Согласно сметководствените стандарди субјектот треба да има изработено и усвоено сметководствени политики како сет од специфични принципи, основи, конвенции, правила и практики, кои ќе ги користи при подготвувањето и презентирањето на финансиските извештаи, со цел обезбедување на квалитетни информации за крајните корисници.

Имајќи ги предвид обемот на работа, хетерогениот карактер на трансакциите, специфичната природа на функционирање, Министерството нема изработено и донесено сметководствени политики со кои ќе се уредат одредени специфичности во работењето. Ваквата состојба не е во согласност со точка 1.3 од Правилникот за примена на меѓународните сметководствени стандарди за јавниот сектор на готовинска основа[2] и влијае врз квалитетот на информациите кои што се презентирани во финансиските извештаи.

Во текот на ревизијата преземени се активности[3] и формирана е работна група за изработка на сметководствени политики на Министерството.

Со забелешките на Нацрт извештајот Министерството извести дека изработен е Правилник за сметководствени политики на МВР, кој е во фаза на номотехничко уредување и одобрување од страна на министерот.

[1] Процедура за менаџирање со договори број 18.1-213416/1 од 14.02.2022 година
[2] „Службен весник на Република Македонија" број 116/05
[3] Известување број 17.2.2-3636/1 од 13.12.2021 година

Препорака:

Одговорното лице на Министерството да продолжи со започнатите активности за донесување на сметководствени политики и нивна имплементација при сметководствената евиденција на трансакциите и деловните промени.

4.2.2. Со актите за внатрешна организација и систематизација на Министерството систематизирана е Самостојна единица – одделение за внатрешна ревизија каде се предвидени пет работни места и тоа раководител и четири лица на работното место самостоен внатрешен ревизор, од кои пополнети се само две работни места (раководител на одделение и самостоен внатрешен ревизор). Ваквата состојба не е во согласност со член 31 став 1 алинеа 3 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола согласно кој е предвидено буџетските корисници да основаат единица за внатрешна ревизија со најмалку четири внатрешни ревизори и раководител на единицата за внатрешна ревизија, доколку просечниот буџет/финансиски план на субјектот од јавниот сектор во последните три години изнесувал најмалку 2 милијарди денари, вклучително и фондовите и програмите финансирани од Европска Унија.

Согласно Планот за внатрешна ревизија за 2020 година планирано е да се извршат три ревизии, но поради новонастанатата состојба со пандемијата предизвикана од вирусот Ковид-19 извршени се две ревизии.

Имајќи ја во предвид големината и сложеноста на активностите кои ги извршува Министерството како голем субјект во јавниот сектор како во однос на финансиските средства со кои располага, бројот на вработените така и во однос на територијалната распространетост низ целата држава, ревизијата смета дека потребно е да се преиспита бројот на систематизирани и пополнети работни места во одделението за внатрешна ревизија, со што ќе се зголеми и бројот на ревизии кои би се извршувале во текот на годината за клучните процеси на функционирање на Министерството. Наведената кадровска екипираност на одделението за внатрешна ревизија, како и бројот на извршени ревизии во текот на годината, влијаат врз обемот на информации кои ги добива раководното лице за работењето на Министерството согласно законите, подзаконските и интерните акти, за економичноста, ефикасноста и ефективноста на работењето, како и совети и препораки за подобрување на работењето на Министерството.

Препорака:

Одговорното лице на Министерството да преземе активности за кадровско екипирање на одделението за внатрешна ревизија и целосна реализација на планираните ревизии во годишниот план за работа на внатрешна ревизија, како и да ја преиспита потребата од зголемување на бројот на систематизирани работни места на внатрешни ревизори.

4.2.3. Во член 151 од Колективниот договор на Министерството[4] уредено е правото на бесплатна исхрана на работниците во Единицата за специјални задачи, Единицата за брзо распоредување, Единицата за интервентна полиција и на летачкиот персонал, како и за други работници кога се вонредно ангажирани во исклучителни случаи, а министерот со подзаконски акт го пропишува видот, квалитетот и количината на исхраната за истите.

Во таа насока, донесен е Правилник[5] во кој е уредено планирањето на исхраната, набавката, подготовката и поделбата на храна, контролата и квалитетот на безбедност, како и видовите, структурата и намената на оброците, мерендите и суплементите.

Со увид во наведените акти констатиравме дека во Правилникот изготвени се нормативи за исхраната, но истите се уште не се применуваат во пракса, поради неангажирање на стручни лица-нутриционист и доктор за подготовка на рецептури за подготовка на јадења.

Ваквата состојба оневозможува целосно запазување на постапката за планирање на исхраната, во делот на подготовка на годишни листи на јадења, годишен план за исхрана и детални планови за исхрана за вработените за кои е предвиден посебен „режим“ на исхрана.

Истакнуваме дека во Планот за јавни набавки за 2022 година предвидена е постапка за ангажирање на стручни лица за обезбедување на исхрана на вработените во специјалните единици на Министерството.

Препорака:

Одговорното лице на Министерството да преземе активности за обезбедување на неопходни услови за спроведување на постапката за планирање и обезбедување на исхраната на вработените.

## 4.3. Финансиски извештаи

4.3.1. Министерството во Билансот на состојба на ден 31.12.2020 година има искажано постојани средства во вкупна вредност од 5.682.383 илјади денари. Со извршениот увид во сметководствената и материјалната евиденција на постојаните средства, ревизијата ја констатира следнава состојба:

### *Градежни објекти*

Министерството во деловните книги има евидентирано недвижен имот – градежни објекти во износ 2.438.874 илјади денари. Од извршениот увид на

[4] „Службен весник на Република Македонија“ број 69/15, 227/15, 177/16, 197/16 и Службен весник на Република Северна Македонија број 269/19 и 279/19

[5] Правилник за исхрана на работниците во Единицата за специјални задачи, Единицата за брзо распоредување и за летечкиот персонал број 13.1.-52657/1 од 29.08.2016 година

доставената евиденција за имотот со кој располага Министерството како и документите за сопственост/право на користење на недвижниот имот, имотни листови, ревизијата ги утврди следните состојби:

- во актот за организација и работа на Министерството во рамките на Одделот за општи и заеднички работи, во секторот за работи од општа надлежност систематизирано е одделение за имот, одржување и изградба чија надлежност е да води **евиденција за недвижниот имот и станбениот фонд** на Министерството, да ги води постапките за утврдување на сопственоста на движниот и недвижниот имот, да врши проценка на имотот кој е предмет на имотно-правен однос и други активности. Согласно евиденцијата обезбедена од ова одделение, Министерството располага со 177 градежни објекти, од кои само 45 објекти или 25% се воведени во сметководствената и материјалната евиденција. 53 градежни објекти односно 30% се во постапка за легализација од 2013 година, која до денот на ревизијата се уште не е завршена.
  Во текот на ревизијата од страна на Министерството доставено е барање[6] до Министерството за транспорт и врски за забрзување на постапките за утврдување на правниот статус за бесправно изградените објекти поднесени во минати години.
  Од страна на одговорните лица во Министерството добивме објаснување дека причината за малиот процент на воведување на објектите во сметководствената евиденција преставува необезбедување на вредност за објектите кои се во владение на Министерството. Во 2017 година доставено е Барање до Бирото за судски вештачења[7] да се изврши проценка на целокупниот имот на Министерството согласно Законот за процена, но добиен е одговор дека поради големата ангажираност на вештите лица од Бирото, не се во можност да одговорат на барањето на Министерството. Понатаму Министерството во период од 2018 до 2020 година, спровело неколку постапки за јавна набавка на услуга за процена на имотот, но сите се неуспешни, односно завршуваат со Одлука за поништување на постапката поради доставени и усвоени жалби од страна на учесниците во постапките.
  Во текот на ревизијата повторно е одржан состанок со претставници од Бирото за судски вештачења и доставено е барање за проценка и утврдување на вредноста на еден градежен објект.
- согласно **материјалната евиденција** за градежните објекти која се води од Одделот за финансиски прашања во Министерството вкупно се евидентирани 513 градежни објекти, од кои 272 објекти се тврда градба и се од траен карактер за кои Министерството треба да обезбеди имотен

[6] Барање број 18.1-3184/1 од 13.01.2022 година
[7] Барање број 18.2.2-27973/1 од 26.04.2078 година

лист како документ за сопственост, додека останатите 241 објект се објекти од метал, лим, дрво или камен и се објекти од времен карактер.

Министерството располага со имотен лист како документ за сопственост само за 45 објекти односно за 8,77%. Во материјалната евиденција нема целосни податоци за имотните листови како документ за сопственост или право на користење со кои ќе може да се потврдат евидентираните објекти според поединечна квадратура и вредност.

Одделот за финансиски прашања во 2020 година со допис[8] се обратил до Одделот за општи и заеднички работи –Одделението за имот, одржување и изградба како надлежни за управување со имотот на Министерството за да им достават податоци за објектите со цел усогласување на податоците во сметководствената и материјалната евиденција на Министерството,

- од страна на пописната комисија извршен е попис на градежните објекти согласно податоците од материјалната евиденција, при што не е потврдена фактичката состојба на објектите согласно податоците наведени во имотните листови со кои располага, детално образложено во точка 4.1.11.

***Земјиште***

Министерството во сметководствената евиденција има евидентирано градежно земјиште во износ од 566.502 илјади денари. Од извршениот увид на имотните листови со кои располага Одделението за имот, одржување и изградба ревизијата утврди дека за 85 организациони единици извршено е запишување на правото на сопственост на земјиштето во имотните листови на МВР, од кои само пет се воведени во сметководствената евиденција, додека за останатите 80 организациони единици не е извршена проценка на пазарната вредност на земјиштето, поради што истите не се евидентирани во деловните книги.

Во материјалната евиденција на Министерството евидентирано е земјиште без да се наведе податок за имотниот лист за сопственост или право на користење, со поединечна квадратура и вредност, поради што не е извршен попис на земјиштето согласно фактичката состојба наведена во имотните листови со кои располага Одделението за имот, одржување и изградба.

На состојбата на вредноста на евидентираното земјиште на 31.12.2020 година пресметана е ревалоризација со примена на индексот на кумулативен пораст на цените на производителите на индустриски производи, што не е во согласност со член 28 став 6 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници кој пропишува: ... *„ревалоризација на земјиштето и шумите претставува разлика меѓу вредноста на крајот од пресметковниот период според просечните пазарни цени утврдени од страна на комисијата за*

[8] Известување број 17.2.2-3203/1 од 04.11.2020 година

*утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот од единицата на локалната самоуправа во која се наоѓа земјиштето и шумата и нивната сметководствена вредност“.*

*Станови и деловни објекти*

Министерството во финансиските извештаи има евидентирано станови во износ од 34.900 илјади денари, за кои не е воспоставена материјална евиденција, како и не е извршен попис од страна на пописната комисија.
Во текот на ревизијата од страна на Министерството доставени се барања до Агенцијата за катастар на недвижности и до Акционерското друштво за стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката за утврдување на фактичката состојба на становите, со цел евидентирање на станови, како сопственост или право на користење на Министерството.

*Други материјални средства*

Евидентирани се книги во библиотека во износ од 7.906 илјади денари, кои се наоѓаат во организационата единица Центар за обука при Министерството, но за истите не е воспоставена материјална евиденција. На ден 31.12.2020 година направен е попис на книгите од страна на пописната комисија и дадени се конкретни насоки за постапување со цел надминување на констатираните состојби.

Наведените состојби за постојаните средства не се во согласност со член 7 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници во кој е уредено дека сите податоци регистрирани во деловните книги и во другите извештаи треба да бидат целосни и комплетирани, навремени, ажурирани и да бидат презентирани хронолошки, како и член 12 од законот во кој е уредено дека внесувањето на податоците во деловните книги на буџетите и буџетските корисници мора да се заснова врз веродостојни, вистинити и уредни сметководствени документи, што влијае на реалното и објективно искажување на состојбата на постојаните средства во Билансот на состојба.

**Препорака:**

Одговорното лице на Министерството да преземе мерки и активности за:

- усогласување на податоците на постојаните средства, градежни објекти, земјиште и станови во материјалната со сметководствената евиденција, како и со податоците во Одделот за општи и заеднички работи,
- продолжување на активностите за добивање на имотните листови за сите постојани средства кои се сопственост или кои ги користи министерството,
- воспоставување на материјална евиденција на становите и книгите во библиотека,

- евидентирање на постојаните средства во материјалната и сметководствената евиденција, врз основа на комплетна документација и
- пресметување на ревалоризација на земјиштето согласно утврдената пазарна вредност од страна на комисија формирана од единиците на локална самоуправа на кое се наоѓа или припаѓа земјиштето.

4.3.2. Министерството располага со повеќе магацини во кои се чуваат залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар, бензински пумпи за набавено гориво за потребите на службените возила, како и кујни за исхрана на определени вработени лица во Министерството, во кои состојбата на 31.12.2020 година изнесува 1.097.767 илјади денари.

Со увид во интерните акти, сметководствената евиденција и расположливата документација за залихите на материјали во магацините, бензинските пумпи и кујните на Министерството, ревизијата ги констатира следните состојби:

- донесено е интерно Упатство[9], во кое е уреден начинот на евидентирање и вреднување, како и пописот на залихите во магацините и залихите на гориво во бензинските пумпи на Министерството. Во упатството е уреден начинот на вреднување на приемот на залихите, додека не е уреден начинот на вреднување на залихите при нивното издавање.
  Во текот на ревизијата од страна на одделот за финансиски прашања доставено е барање[10] до одделот за правни работи, судски постапки и управување со човечки ресурси за формирање на работна група за изработка на ново упатство со кое ќе се уреди начинот на евидентирање и вреднување на залихите во Министерството;
- материјалите на залиха се евидентираат по цени заокружени за износот на дени, а не по цените од фактурите по кои се евидентираат настанатите обврски за набавка на истите, поради што се јавуваат разлики во вредноста на истите, имајќи предвид дека станува збор за голем обем на набавки;
- за приемот и издавањето на прехранбени производи од кујните на Министерството воспоставена е само финансиска, но не и материјална евиденција за следење на влезот и излезот по одделни артикли. Притоа, приемот на материјали во кујните на Министерството се врши по набавна цена од магацините за храна и пијалоци, а при издавање се раздолжува готов производ по цена формирана врз основа на калкулации. Како резултат на вака воспоставената евиденција на приемот и издавањето на прехранбените производи, во сметководствената евиденција се појавува разлика меѓу вредноста на задолжувањето и раздолжувањето на залихите во кујна, односно повисока вредност на потрошени од примени производи, која на крајот на годината се нивелира и искажува како вишок по попис.

[9] Упатство за начинот на евидентирање и вреднување на залихите на материјалите, резервните делови и ситниот инвентар во магацините на МВР број 13.1.1-93506/1 од 25.12.2015 година
[10] број 17.2.2-3658/1 од 14.12.2021 година

Истакнуваме, дека со извршениот попис на залихите на прехранбени производи во кујните во касарната во Ѓорче Петров и во Центарот за обука во Идризово за 2020 година, утврден е вишок во износ од 6.872 илјади денари, кој не претставува реален вишок на прехранбени производи во кујните на крајот на годината, туку е резултат на воспоставениот начин на вреднување и евидентирање на залихите во текот на годината.

Во текот на 2022 година, согласно изработената анализа предвидено е услугите за исхрана во кујните на Министерството да се вршат од економски оператор избран по претходно спроведена постапка за јавна набавка согласно Планот за јавни набавки за 2022 година, поради што во однос на залихите на материјали во кујните, ревизијата не дава препорака;

- набавени се материјали за потребите на Одделот за криминалистичко-технички испитувања и вештачења во износ од 7.335 илјади денари, како и резервни делови за сервисирање на хеликоптери во износ од 6.472 илјади денари, кои во материјалната евиденција, поради разновидноста и специфичните називи, се воведени под една шифра поради што истите се издаваат со требување во кои се специфицирани одделните видови на артикли, што го отежнување потврдувањето на нивните залихи со попис.

Наведените состојби не се во согласност со член 11 од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници во кој е уредено дека внесувањето на податоците во деловните книги се организира на начин кој обезбедува исправност и контрола на внесените финансиските податоци односно промени.

Истакнуваме дека во Министерството во тек е имплементација на интегриран софтверски систем, (образложено во точка 4.3.12.), со кој се очекува да се надминат наведените состојби.

Препорака:
Одговорното лице на Министерството да продолжи со започнатите активности за:

- донесување на интерен акт со кој ќе се уреди начинот на вреднување на залихите при нивното издавање,
- евидентирање на материјалите во сметководствената и материјалната евиденција по цени на секој одделен артикл од примените фактури, без да се заокружени за износот на дени и
- евидентирање на секој материјал пооделно во материјалната евиденција при нивниот прием и издавање.

4.3.3. Со извршениот увид на сметководствената евиденција и доставената документација од извршениот попис на средствата, побарувањата и обврските за 2020 година (за сите сметки на Министерството), ревизијата ги утврди

следните состојби:

- усогласувањето на сметководствена евиденција на постојаните средства, побарувањата и обврските со фактички утврдената состојба е извршено по организационите единици на Министерството. Централната пописна комисија на Министерството нема извршено збирно усогласување на ниво на цело Министерството,
- не е извршен попис на нематеријалните средства кои се целосно отпишани односно имаат сегашна вредност од 0 илјади денари (набавната вредност 197.346 илјади денари), кои до 14.12.2019 година ги користела УБК во Министерството. Со денот на отпочнување на примената на Законот за Агенција за национална безбедност истите се доделени на Агенцијата за национална безбедност согласно Записник[11], се користат од страна на Агенцијата за национална безбедност, но до денот на вршење на ревизијата не е доставен записник за примопредавање поради што истите се водат во сметководствената евиденција на Министерството,
- извршен е попис на дел од градежните објекти и земјиште кои ги користи Министерството, како и не е извршено усогласување на податоците од расположливите имотни/поседовни листи со податоците од деловните книги,
- во извештајот за извршен попис прикажан е вкупниот износ на инвестициите во тек на градежните објекти во вкупен износ од 210.283 илјади денари, но не е потврдена состојбата на секоја инвестиција одделно, ниту степенот на завршеност на сите инвестиции, како и причините за незавршување на работите.

  Во текот на ревизијата преземени се активности и потврден е степенот на завршеност на дел од инвестициите, за кои се спроведени сметководствени корекции за нивно соодветно прикажување во деловните книги, согласно кои состојбата на инвестициите во тек е во износ од 66.866 илјади денари (образложено во точка 6.3.),
- иако е воспоставена евиденција за правната основа и старосната структура на побарувањата и обврските, пописната комисија не ја потвдила, не е извршено целосно усогласување на искажаните износи на побарувањата во деловните книги на име сомнителни и спорни побарувања со податоците од правната служба за отпочнатите судски постапки и не се утврдени причините за неплатените обврски кон добавувачите со состојба на 31.12.2020 година. Исто така не се утврдени настанати промени на одредени состојби во деловните книги од денот на започнување на пописот до 31.12.2020 година и истите не се евидентирани во пописните листи со

[11] Записник за утврдување по сметководствена евиденција на основни средства - информатичка опрема и утврдување на состојбата со нематеријалните средства кои произлегуваат со користење на информационите системи и софтвер на МВР, бр.17-101955/1 од 14.12.2019 година

состојба на 31.12.2020 година, односно не се внесени дополнително, врз основа на сметководствени искази за промените,

- салдата во девизните благајни не се искажани по среден курс на Народната банка на РСМ објавен на ден 31 декември 2020 година,
- даден е предлог од страна на пописната комисија[12], да се изврши отпис на материјали во доработка во износ од 26.999 илјади денари, евидентирани во период од 2005 до 2014 година. Во извештајот за попис наведено е дека за дадените материјали во доработка, извршена е испорака на готовите производи во минати години, но не е доставена пропратна документација. Во текот на ревизијата од страна на Министерството преземени се мерки и повторно се доставени дописи до правните субјекти за доставување на пропратната документација, по кои е добиен одговор дека поради поминат подолг период, значително е отежната постапката за обезбедување на истата, имајќи го предвид член 474 од Законот за трговските друштва каде е уредено дека сметководствените документи се чуваат најмалку пет години од истекот на годината во која што се искористени за составување на трговските книги,
- во извештајот од Централната пописна комисија се содржани податоци за констатирани кусоци и вишоци на средства по организациони единици со предлог мерки за постапување по истите. За дел од кусоците и вишоците доставени се дописи до организационите единици за преземање на активности, како и изготвување на акционен план за постапување по сите предлози, со цел отстранување на разликите утврдени со пописот на ден 31.12.2020 година, со рок до 30.04.2021 година. До денот на ревизијата доставени се известувања од шест организациони единици и
- извештаите на пописните комисии не се унифицирани, комплетни и не сите ги содржат потребни податоци за:
  - фактичката и сметководствената вредност на средствата, по сметки,
  - вредноста на предложените кусоци/вишоци по аналитички сметки;
  - начинот на спроведување и надоместување на кусокот во сметководствената евиденција;
  - начинот на утврдување на вредноста на вишокот на средствата.

Горенаведениот начин на вршење попис не е во согласност со дел VIII Попис на средствата, обврските и побарувањата од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и истиот не обезбедува целосно усогласување на сметководствената состојба на средствата, побарувањата и обврските со фактичка состојба утврдена со пописот што влијае врз реално и

[12] Извештај за извршен попис на магацин за обрасци во Центарот за персонализација, магацин за општа намена и обрасци, магацин за облека и обувки и магацинот за техничка опрема број 18.2-105724/1 од 31.12.2020 година

објективно искажување на податоците во финансиските извештаи како и на квалитетот на информациите кои ги даваат истите.

Препорака:
Одговорното лице на Министерството да преземе мерки и активности при спроведување на пописот во иднина:

- Централната пописна комисија на Министерството да врши збирно усогласување на постојаните средства, побарувањата и обврските на ниво на цело министерството,
- да се врши попис на сите градежни објекти и усогласување на податоците од имотните/поседовните листи со податоците од деловните книги,
- да се утврдува степенот на завршеност на инвестициите во тек,
- пописот на побарувањата и обврските да содржи податоци за правниот основ и старосна структура, да се изврши целосно усогласување на искажаните износи на побарувањата во деловните книги на име сомнителни и спорни побарувања со податоците од правната служба за отпочнатите судски постапки, како и да се утврдат причините за неплатените обврски кон добавувачите,
- салдата на девизните благајни да се пресметаат по среден курс на Народната банка на РСМ објавен на ден 31 декември,
- во пописните листи на побарувањата и обврски да се утврдат настанатите промени во деловните книги од денот на започнување на пописот до 31.12., односно да се евидентираат промените во пописните листи, во случај кога пописот на истите се извршува пред или по 31.12,
- навремено постапување од организационите единици по дадените предлози од пописните комисии за констатирани кусоци и вишоци во извештајот за попис и
- извештаите од сите одделни пописни комисии да ги содржат сите потребни податоци.

4.3.4. За потребите од гориво на моторните возила на Министерството на целата територија на РСМ, во текот на 2018, 2019 и 2020 година, склучени се договори за набавка на гориво со вредносни електронски картици (ваучери), по кои во текот на 2020 година доставени се и платени фактури за издадени вредносни ваучери во вкупен износ од 74.840 илјади денари.

Со увид во целокупната документација и сметководствената евиденција на Министерството, ревизијата ги констатира следните состојби:

- фактурите со доставените вредносни ваучери Министерството ги плаќа при приемот и за истите прикажува расходи во моментот на плаќање и
- на ниво на секоја организациона единица воспоставена е интерна евиденција за задолжувањето на вработените лица со вредносните

ваучери како и за потрошокот на истите, но не се врши сметководствено задолжување ниту раздолжување на лицата кои користат вредносни картички за гориво и во сметководствената евиденција на ниво на министерството не се искажуваат побарувања за истите.

Ваквата состојба не е во согласност со член 7 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници во кој е уредено дека податоците регистрирани во деловните книги треба да бидат презентирани хронолошки што влијае на реалното и објективно прикажување на побарувањата во финансиските извештаи.

Препорака:

Одговорното лице на Министерството да преземе мерки и активности за воспоставување на сметководствена евиденција на задолжувањето и раздолжувањето на вредностите ваучери како и прикажување на побарувањата за нереализираните вредносни ваучери.

4.3.5. Министерството има евидентирано побарувања од вработени во вкупен износ од 6.671 илјади денари по основ на дадени аванси, побарувања за надомест на штети, утврдена материјална одговорност и други основи.

Извршивме увид во доставената документација како и во начинот на комуникација помеѓу организационите единици надлежни за водење на дисциплински постапки, утврдување на штети, водење на тужбени постапки за ненаплатени побарувања на вработени и Одделот за финансиски прашања надлежен за евидентирање на трансакциите во деловните книги и доставување на информации за наплатата на истите, при што ги утврди следните состојби:

- воспоставениот систем на меѓусебна комуникација на горенаведените организациони единици не обезбедува ефикасен систем за хронолошка и навремена размена на податоци и информации за евидентирање на промените на побарувањата како и на трансакциите во деловните книги,
- на име утужени побарувања од вработените евидентирани се 3.887 илјади денари кои потекнуваат од период 2003-2014 година,
- на име на побарувања од вработените за надомест на штети, евидентирани се 1.476 илјади денари кои потекнуваат од период 2009-2017 година,
- документацијата за поведени постапки од одделот за правни работи не секогаш се доставува навремено до одделот за финансиски прашања, поради што постојат разлики во евиденциите на одделите и
- иако е воспоставена евиденција за правниот основ и старосната структура на побарувањата, истата не е потврдена од страна на пописната комисија, поради што не се предложени мерки за понатамошно постапување.

Имајќи го во предвид член 360 од Законот за облигациони односи согласно кој побарувањата застаруваат за пет години, наведените состојби создаваат ризик од наплатливост на побарувањата од вработените и неможност Министерството да ги поврати исплатените средства.
И покрај тоа што на ревизијата за дел од претходно наведените побарувања и се презентирани документи за преземени активности за нивна наплата, побарувањата до денот на ревизијата се уште не се наплатени.

Препорака:
Одговорните лица во Министерството да преземат активности за:
- уредување и обезбедување на непречен систем на комуникација помеѓу организационите единици заради навремено постапување и преземање на соодветни мерки за наплатата на побарувањата, како и доставување на документацијата за поведени постапки од одделот за правни работи до одделот за финансиски прашања, заради евидентирање во деловните книги и
- усогласување на состојбата на побарувањата помеѓу одделот за финансиски прашања и одделот за правни работи во текот на годината.

## 4.4. Користење на средствата согласно законски прописи

4.4.1. Согласно Решението за внатрешна распределба на одобрениот буџет, буџетот на Министерството за 2020 година е распределен на 13 организациони единици и тоа: осум СВР, четири РЦ и Одделот за општи и заеднички работи и има назначено раководни лица за преземање на финансиски обврски, кои имаат право да преземаат финансиски обврски по основ на склучени договори, додека плаќањето на финансиските обврски се врши централизирано преку Одделот за финансиски прашања. Постапките за јавни набавки се спроведуваат централизирано од страна на Одделот за општи и заеднички работи, согласно утврдените потреби на Министерството во годишниот план за јавни набавки.

Во членот 40 од Законот за јавните набавки предвидени се вредносните прагови за кои ќе се применуваат одредбите од овој закон при спроведувањето на јавните набавки, како и дека договорните органи можат да вршат набавки со вредност под утврдените вредносни прагови, без да се спроведуваат постапки за јавни набавки, кои треба да ги внесат во кварталната евиденција, која е јавно достапна на ЕСЈН. Вкупната вредност на овие набавки, не смее да надмине 12.000 евра во денарска противвредност во тековната година.

Од извршената анализа на вкупните обврските кон добавувачите за 2020 година, прегледите на преземени обврски од секое СВР и РЦ како и од Одделот

за општи и заеднички работи, ревизијата утврди дека вредносниот праг од 12.000 евра во денарска противвредност, под кој Министерството може да врши набавки без да спроведе постапки за јавни набавки е надминат. По наведениот основ Министерството има преземено обврски во вкупен износ од 7.787 илјади денари односно 125.600 евра.
Од страна на одговорните лица на СВР и РЦ добивме објаснување дека основна причина за ваквиот начин на постапување е неопходноста и итноста од одделни стоки и услуги кои не може да бидат обезбедени од страна на Одделот за општи и заеднички работи.
Исто така констатиравме дека Министерството има објавено квартална евиденција на ЕСЈН само за извршените набавки под вредносните прагови од страна на Одделот за општи и заеднички работи во вредност од 683 илјади денари (11.011 евра), додека за набавки спроведени преку СВР и РЦ не е објавена квартална евиденција на ЕСЈН.
Со увид во ЕСЈН констатиравме дека за постапките реализирани во текот на 2022 година отпочнати се активности за објавување на кварталните евиденции за реализираните набавки под вредностите прагови спроведени од страна на СВР и РЦ за месец јануари и февруари 2022 година.

Наведените состојби не обезбедуваат транспарентност, еднаков третман и конкуренција помеѓу економските оператори и влијаат врз рационално и економично искористување на средствата на Министерството.

Во текот на ревизијата од страна на одговорното лице на Министерството доставена е наредба[13] до сите СВР, РЦ и до Одделот за општи и заеднички работи, износот на набавките без постапка за јавна набавка, да е во рамки на законски утврдениот лимит на ниво на цело Министерството.

Министерството во текот на ревизијата достави барање[14] до Бирото за јавни набавки за измена на членот 40 од Законот за јавните набавки во делот на вредносните прагови за кои не се применуваат одредбите од овој закон, во однос на износот до кој Министерството може да изврши набавки без да спроведе постапка за јавна набавка, имајќи ја предвид дејноста на министерството, организационата поставеност низ целата територија на државата, бројот на вработени, обемноста на безбедносните активности, комплексноста и непредвидливоста на настани кои се случуваат и кои не можат да се предвидат.

[13] Број 08.2990/1 од 13.01.2022 година
[14] Број 18.1 - 3177/1 од 13.01.2022 година

Препорака:

Одговорното лице на Министерството да преземе мерки и активности за:

- планирање на постапки за набавки на стоки и услуги во годишниот план за јавните набавки, согласно потребите на министерството,
- спроведувањето на набавките без постапка да е во рамки на утврдените законски лимити и
- доставување на квартална евиденција на ЕСЈН за сите извршени набавки под вредносните прагови.

4.4.2. Со извршениот увид во начинот на спроведувањето на постапките за јавни набавки согласно кои се склучени договори во 2020, 2019 и 2018 година, опфатени се 61% од вкупната вредност на склучените договори (за сите сметки на Министерството) односно од 5.154.982 илјади денари опфатени се 3.147.911 илјади денари и констатирани се следните состојби:

- за реализација на три рамковни спогодби[15], Министерството треба да изработи и достави поединечен договор (нарачка) за јавна набавка за извршување на определен вид на услуга, со утврдени количини кои треба да се извршат како и временски рок на завршување на активностите, уредено во член 4 и 5 од склучените рамковни спогодби. За сите активности кои се реализирани во 2020 година во износ од 10.860 илјади денари, не се доставени писмени барања до економскиот оператор ниту пак се склучени поединечни договори.

  Наведената состојба е надмината во текот на 2021 година односно Министерството изготвува договор нарачка согласно одредбите од склучените договори,
- во октомври 2020 година склучена е рамковна спогодба за набавка на Еуродизел БС[16] во вкупна вредност од 94.400 илјади денари. Согласно спогодбата цената за еден литар Еуродизел БС се одредува согласно важечката Одлука за определување на највисоки цени на одделни нафтени деривати од страна на Регулаторната комисија за енергетика на РСМ, намалена за рабатот од 17,73% и акцизата од која Министерството е ослободено. Со извршениот увид во реализацијата на спогодбата ревизијата констатира дека за испорачаните количини по договорот, економскиот оператор нема пресметано и одобрено дополнителен рабат во вкупен износ од 1.637 илјади денари.

[15] Рамковна спогодба број 18.1-82774/1 од 21.10.2019 година за набавка на услуга за тековно одржување водоводна и канализациона мрежа и санитарна опрема за објекти на МВР, Рамковна спогодба број 18.1 -73611/1 од 22.09.2020 година за набавка на браварски услуги и Рамковна спогодба број 18.1-73416/1 од 21.09.2020 исплатено за извршени услуги за застаклување на простории и поправки и изработка на нови прозорци и врати од алуминиум и ПВЦ

[16] Број 18.1-83283/1 од 21.10.2020 година

Во текот на ревизијата од страна на економскиот оператор доставено е книжно одобрение за намалување на обврската за набавка на гориво по тековните фактури, за износот на повеќе уплатени средства поради непресметан рабат за набавка на гориво,

- при реализацијата на рамковна спогодба за набавка на дополнителна звучна и светлосна опрема за возила[17] исплатени се две фактури после важноста на спогодбата, во вкупен износ од 415 илјади денари, додека при реализацијата на договорот за набавка на услуги (обележување со боја на антенски столб)[18] доставени се пет фактури после важноста на договорот, во вкупен износ од 1.411 илјади денари,
- во 2017 година Министерството склучило договор за набавка на Еуросупер БС 95[19] во вкупен износ од 118.000 илјади денари, со рок на важност од две години односно до 23.11.2019 година. Во февруари 2020 година склучен е анекс на договор со цел продолжување на рокот на важноста на основниот договор. Во периодот до склучување на анекс договор реализирани се фактури во износ од 3.725 илјади денари за кои не е направена измена на основниот договор. Исто така по овој договор не се изработуваат писмени барања за испорака на гориво до соодветната локација на Министерството, што не е во согласност со член 6 од договорот. Фактурите не се изготвуваат согласно член 11 од договорот согласно кој покрај другите како посебен елемент во фактурата потребно е да се наведе и пресметката за рабат. Со алтернативни постапки утврдивме дека цената на набавеното гориво е во рамки на договорената цена. Исто така не е воспоставено количинско следење на договорот и
- при реализацијата на рамковната спогодба за застаклување на простории и други видови на одржувања, поправки и изработка на нови прозорци и врати од алуминиум и ПВЦ[20], и на рамковната спогодба за набавка на услуги за поправка на роло врати и капии и браварски услуги[21], склучени се поединечни договор-нарачки во кои е наведен вкупниот износ на нарачката кој треба да се реализира, без да се наведе детално кои ставки треба да се реализираат согласно понудата од рамковната спогодба, како и временскиот период до кога треба да се реализираат работите. Исто така не е доставено писмено барање од Министерството до носителот на набавката со наведени потреби и локации за кои се однесуваат потребите, што не е во согласност со член 7 од рамковната спогодба. Вкупниот износ на ревидирани фактури за кои се склучени поединечни договор-нарачки по овој основ изнесува 7.300 илјади денари.

[17] Рамковна спогодба број 18.1-40173/1 од 15.05.2018 година
[18] Договор број 18.1-74933/1 од 26.09.2019 година
[19] Основен договор број 18.1-80501/1 од 23.11.2017 година и анекс број 18.1-23324/1 од 24.02.2020 година
[20] Рамковна спогодба број 18.1 - 73416/1 од 21.09.2020 година
[21] Рамковна спогодба број 18.1-73611/1 од 22.09.2020 година

Истакнуваме дека од 2021 година Министерството изработува договор нарачки во кои е наведен објектот каде ќе се извршува услугата со детален опис на количините на работите кои ќе се извршуваат.

- на страната на ЕСЈН не се објавува склучените анекси кон основните договори или рамковни спогодби со кои се направени измени на одредбите со кои е регулирана вредноста на договорите или периодот на важност на договорите, што не е во согласност со член 72 од Законот за јавните набавки.

  Во текот на ревизијата преземени се активности за надминување на констатираната состојба и сите анекси кон договорите и рамковните спогодби склучени од 01.04.2019 година до денот на известување од извршената ревизија се објавени на ЕСЈН, за што е доставено известување и

- не се потпишуваат изјави за непостоење на судир на интереси од страна на сите членови на комисијата за јавна набавка, односно се потпишуваат само оние членови и заменици кои се директно вклучени во спроведувањето на постапката за јавна набавка и од одговорното лице, што не е во согласност со член 38 од Законот за јавните набавки.

  Во текот на ревизијата Министерството достави барање до Бирото за јавни набавки[22] за образложение на член 38 од наведениот закон односно дали постои потреба изјавите за непостоење на судир на интереси да бидат потпишани од страна на сите заменици на членови на комисијата за јавна набавка.

Наведените состојби создаваат ризик од несоодветна примена на одредбите од Законот за јавните набавки, намалена транспарентност и конкуренција при спроведувањето на набавките и несоодветна реализација на договорите за јавни набавки.

Препорака:

Одговорното лице на Министерството да продолжи со отпочнатите активности за:

- склучување на поединечен договор (нарачка) за јавна набавка за извршување на определен вид на услуга, со утврдени количини и временски рок на завршување на активностите,
- испорачаните количини на гориво да се пресметува дополнителен рабат согласно договорот за набавка,
- реализација на рамковните спогодби и договорите да се врши во рок предвиден во истите и
- потпишување на изјави за непостоење на судир на интереси од страна на сите членови на комисијата за јавна набавка.

[22] Барање број 18.1-13277/1 од 14.02.2022 година

4.4.3. Во текот на 2020 година Министерството спровело постапка и склучило рамковна спогодба за набавка на услуга за тековно одржување на објектите на цела територија на РСМ со изведба на градежни, градежно занаетски, занаетски, инсталатерски и други работи, во износ од 82.600 илјади денари.

Со извршениот увид во начинот на спроведување на постапката, склучената рамковна спогодба[23] и нејзината реализација, ревизијата ги утврди следните состојби:

- во јануари 2020 година спроведена е отворена постапка за доделување на рамковна спогодба за набавка на услуги за тековно одржување на објектите на Министерството на цела територија на РСМ. Постапката била предмет на управна контрола од страна на Бирото за јавни набавки при што биле утврдени неправилности, поради што Комисијата за јавни набавки ја поништила постапката.

  Во јули 2020 година, Министерството ја спровело постапка на ист начин. Постапката повторно била предмет на управна контрола од страна на Бирото за јавни набавки, при што Бирото за јавни набавки нема констатирано неправилности и предложило Министерството да продолжи со реализација на постапката согласно Законот за јавните набавки.

  Ревизијата констатира дека иако станува збор за иста постапка, управната контрола при Бирото за јавни набавки постапила различно односно првата постапка ја има поништено, а во втората постапка дозволила набавката да се реализира на начин предвиден во тендерската документација.

  По спроведената постапка, Министерството склучило рамковна спогодба за тековно одржување на објектите на Министерството, во вкупен износ од 82.600 илјади денари.

- предметот на набавка на склучената рамковна спогодба е набавка на услуга за тековно одржување на објектите на Министерството низ територијата на РСМ со изведба на градежни, градежно занаетски, занаетски, инсталатерски и други работи, иако во предвидените ставки во рамковната спогодба преовладуваат градежни активности кои согласно Правилникот за видовите на градежни активности[24] треба да се предмет на договорите за јавна набавка на работи. Со ваквиот начин на спроведување на постапката за јавни набавки се избегнуваат одредбите од Законот за градење во делот на изведување на градежни активности.

- иако услугите согласно тендерската документација се дадени одделно како посебни услуги и истите можат да се извршуваат од различни економски оператори, постапката не е делива. Комисијата во одлуката за јавна набавка дала објаснување дека поради технички причини постапката ја спровела

[23] број 18.1 - 78109/1 од 05.10.2020 година

[24] Правилник за видовите на градежни активности кои се предмет на договорите за јавни набавки на работи, Службен весник на Република Северна Македонија број 250/2019

како неделива, за што ревизијата смета дека ја ограничила конкуренцијата, што не е во согласност со член 5 од Законот за јавните набавки,

- согласно член 4 и 5 од рамковната спогодба Министерството за потребите треба да изработи и достави поединечен договор (нарачка) за извршување на определен вид на услуга, со точно утврдени количини кои треба да се извршат како и временски рок на завршување на активностите. Исто така согласно член 7 од спогодбата, Министерството за секоја потреба треба да достави писмено барање до носителот на набавката. Исто така согласно тендерската документација услов за потпишување на поединечен договор со носителот на рамковната спогодба е обезбедување банкарска гаранција од страна на носителот на набавката за извршување на набавката во износ од 5% од вредноста на секој поединечен договор. За активностите кои се реализирани во 2020 година по оваа рамковна спогодба во износ од 19.894 илјади денари, доставени се писмени барања до економскиот оператор без да се склучат поединечни договори и обезбедат банкарски гаранции.

  Министерството од јануари 2021 година започна да изготвува договор нарачка согласно одредбите од склучените договори и да обезбедува банкарска гаранција за квалитетно извршување на договорот и
- во одлуката за јавна набавка предвидено е дека исплатата на средствата потребни за реализација на набавката ќе се извршуваат од буџетот на Министерството преку ставката Поправки и тековно одржување, иако плаќањето на овие трошоци се извршило преку ставката Реконструкција на деловни објекти.

Наведените состојби не обезбедуваат целосна имплементација на постапките за јавни набавки на начин утврден во Законот за јавните набавки и влијаат врз создавање на соодветно ниво на конкуренција и услови за еднаква положба на економските оператори како и влијаат на реалното прикажување на расходите во финансиските извештаи.

Препорака:

Одговорното лице на Министерството да преземе мерки и активности за:

- реконструкциите на градежните објекти да се вршат врз основа на договори за јавна набавка на работи согласно одредбите од Законот за градење во делот на изведување на градежни активности,
- за секоја потреба за извршување на реконструкција на објекти согласно рамковната спогодба да се изработи и достави поединечен договор (нарачка) до носителот на набавката, со точно утврдени количини кои треба да се извршат како и временски рок на завршување на активностите и
- во одлуката за јавна набавка точно да се планираат ставките од кои ќе се плаќаат преземените финансиски обврски согласно рамковните спогодби.

4.4.4. Од извршениот увид на рамковната спогодба[25] за набавка на услуги за тековно одржување на објекти на Министерството на цела територија на РСМ, склучена во 2018 година во износ од 70.800 илјади денари, ревизијата ги утврди следните состојби:

- предметот на набавка на склучената рамковна спогодба е набавка на услуга за тековно одржување на објектите на Министерството низ територијата на РСМ, со изведба на градежни, градежно занаетски, занаетски, инсталатерски и други работи, иако во предвидените ставки со постапката преовладуваат градежни активности кои согласно Правилникот за видовите на градежни активности треба да се предмет на договорите за јавна набавка на работи. Со ваквиот начин на спроведување на постапката за јавна набавка се избегнуваат одредбите од Законот за градење во делот на изведување на градежни активности,
- во тендерската документација за докажување на техничката способност на економските оператори побарана е лиценца Б за изведувач согласно Законот за градење и покрај тоа што станува збор за набавка на услуга, а не за склучување на договор за извршување на работи,
- услугите кои треба да се реализираат согласно тендерската документација и во договорот се дадени одделно како посебни услуги, од што произлегува дека истите можат да се извршат од одделни економски оператори и постапката може да биде делива. Ваквата состојба не е во согласност со член 5 од Законот за јавните набавки,
- согласно член 4 од рамковната спогодба договорниот орган и давателот на услугата треба да склучуваат поединечни договори нарачки за набавка на определен вид услуга. Услов за потпишување, согласно член 10 од рамковната спогодба, претставува обезбедување на гаранција за квалитетно извршување на договорот во висина од 5% од вредноста на поединечниот договор. Министерството во текот на реализацијата на рамковната спогодба нема склучено поединечни договори како и нема обезбедено банкарски гаранции при склучувањето на поединечните договори.

  Истакнуваме дека од 2021 година Министерството изработува договор нарачки по обезбедена банкарска гаранција, во кои е наведен објектот каде ќе се извршува услугата со детален опис на количините на работите кои ќе се извршуваат и
- во одлуката за јавна набавка предвидено е дека исплатата на средствата потребни за реализација на набавката ќе се извршува од буџетот на Министерството преку ставката Поправки и тековно одржување, иако плаќањето на овие трошоци се извршило преку ставката Реконструкција на деловни објекти.

[25] Број 18.1-47781 од 06.06.2018 година

Наведените состојби не обезбедуваат целосна имплементација на постапките за јавни набавки на начин утврден во Законот за јавните набавки и влијаат врз создавање на соодветно ниво на конкуренција и услови за еднаква положба на економските оператори како и влијаат на реалното прикажување на расходите во финансиските извештаи.

Препорака:

Одговорното лице на Министерството да преземе мерки и активности за:

- реконструкциите на градежните објекти да се вршат врз основа на договори за јавна набавка на работи согласно одредбите од Законот за градење во делот на изведување на градежни активности,
- за секоја потреба за извршување на реконструкција на објекти согласно рамковната спогодба да се изработи и достави поединечен договор (нарачка) до носителот на набавката, со утврдени количини кои треба да се извршат како и временски рок на завршување на активностите и
- во одлуката за јавна набавка да се планираат ставките од кои ќе се плаќаат преземените финансиски обврски согласно рамковните спогодби.

4.4.5. За потребите на кујните на Министерството за исхрана на одредени категории на вработени, како и за потребите на Центарот за обука, извршена е набавка на прехранбени артикли (храна и пијалоци) врз основа на рамковни спогодби, во кои е уреден начинот на испорака на артиклите преку склучување на посебни договор-нарачки согласно потребите на Министерството.

Со увид во расположливата документација, како и софтверската апликација за следење на реализацијата на набавките по одделни рамковните спогодби или договори, ги утврдивме следните состојби:

- поради спецификата на набавките односно набавка на прехранбени артикли кои не може да се набавуваат во поголеми количини поради можноста од расипување, истите се вршат повеќекратно со одделни писмени порачки, врз основа на склучените договор-нарачки. Констатиравме дека испораката на артиклите се врши и по истекот на важноста на рамковните спогодби, кои за дел од набавките опфатени со ревизијата надминуваат период од повеќе месеци, во кој е реализиран во вкупен износ од 5.443 илјади денари (Прилог 1),
- во периодот од 2018 до 2020 година извршени се набавки на вода во вкупен износ 6.155 илјади денари, без склучување на поединечни договор-порачки, што не е во согласност со член 6 од рамковната спогодба[26], што влијае на можноста за потврдување на испорака на артиклите согласно утврдениот период во спогодбата и

[26] Рамковна спогодба број 18.1-63261/1 од 03.08.2018 година

- кај три од склучените договори[27] утврдена е состојба на склучени анекси со кои се продолжува времетраењето на истите односно членот од договорот кој се однесува на времетраењето на договорите се менува и се дефинира дека договорот е во важност ..*или до целосно искористување на вредноста на основниот договор... или до спроведување на нова постапка за јавна набавка...или до одреден временски период*"... што укажува на промена на критериумот за времетраење на договорот, согласно кој се доставувани понудите и извршен е изборот на економскиот оператор.

Од страна на одговорните лица на Министерството добивме образложение дека како дополнителна причина за одложената реализација на рамковните спогодби е состојбата предизвикана од пандемијата од вирусот COVID-19, која имала влијание на периодот на реализација на планираните набавки.

Наведените состојби влијаат врз реализацијата на рамковни спогодби согласно одредбите од рамковните спогодби.

Препорака:

Одговорното лице на Министерството да преземе мерки и активности за почитување на одредбите од склучените рамковни спогодби.

4.4.6. Во 2008 година склучен е договор за набавка, испорака и инсталирање на софтверски систем за пресметка на плати, управување со човечки ресурси, финансиско сметководствено работење, ликвидатура и платен промет, персонална евиденција и материјално магацинско работење[28], во вкупен износ од 13.640 илјади денари, со склучени 17 анекси кон основниот договор. Согласно член 11 од договорот плаќањето на вредноста на набавката ќе се врши во две фази и тоа:

- 30% од вкупната цена на договорот, по примопредавање на софтверскиот модул за пресметка на плата и модулот за персонална евиденција во делот на плата и
- 70% од вкупната цена на договорот, по примопредавање на останатите модули од софтверскиот систем (модул за финансии и книговодство, модул за основни средства, модул за буџет, контрола и платен промет, модул за магацинско работење, модул за бифе на МВР, бифе на кабинет, кујна во касарна Ѓорче Петров, модул за возен парк, возила и механичарска работилница и модул за јавни набавки).

Модулот за пресметка на плата и модулот за персонална евиденција согласно член 3а од договорот, треба да бидат испорачани и ставени во функција најкасно до 01.07.2008 година. И покрај овој рок за изработка на модулите,

[27] Рамковна спогодба број 18.1-33567/1 од 23.04.2019 за Набавка на свежо свинско месо, Рамковна спогодба број 18.1-63261/1 од 03.08.2018 за Набавка на газирана и негазирана минерална вода; Рамковна спогодба број 18.1-41893/1 од 21.06.2017 за набавка на сообраќајни дозволи

[28] Договор број 14-36558/1 од 06.06.2008 година

Министерството и носителот на набавката потпишале записник за нивно примопредавање на 14.01.2011 година односно две и пол години подоцна. Во текот на годините во период од 2012 до 2016 година склучени се четири анекс договори врз основа на кои се извршени надградби и проширување на Модулот за персонална евиденција и плата во вкупен износ од 1.992 илјади денари.

Рокот за имплементација на софтверскиот систем предвиден во член 3 од договорот е изменет/пролонгиран со десет анекс договори и до денот на ревизијата од девет модули предадени се шест и тоа: модулот за пресметка на плата, модулот за персонална евиденција, модулот за буџет, контрола и платен промет, модулот за магацинско работење, модул за возен парк, возила и механичарска работилница и модулот за јавни набавки, додека останатите три модули треба да се предадат до 01.04.2022 година.

Исто така Министерството не располага со банкарска гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот во висина на 10% од вкупната вредност на договорот за временскиот период на важност на договорот, што не е во согласност со член 12 а од основниот договор и член 5 од анекс договорот[29], што создава ризик од квалитетно реализирање на договорените обврски. Во текот на ревизијата доставено е барање[30] до носителот на набавката за доставување на банкарска гаранција.

Имајќи ја во предвид големината и сложеноста на Министерството како субјект, обемот на активности кои се извршуваат секојдневно, обемот на документацијата за која е потребно навремено и точно евидентирање, ваквото долгогодишно одложување на изработката и имплементацијата на сите предвидени модули во системот ја доведува во прашање оправданоста на пролонгирањето на реализацијата на договорот, што влијае врз реализацијата на работите и работните задачи на вработените.

Препорака:

Одговорното лице на Министерството да преземе активности за имплементација и примопредавање на софтверскиот систем во целост до 01.04.2022 година, како рок предвиден во последниот анекс договор.

### Основ за изразување на мислење

Вкупниот ефект од изнесените наоди во точките 4.2., 4.3. и 4.4. се основ за изразување мислење, а се однесуваат на:

- потребата од донесување на сметководствени политики,
- кадровска екипираност на одделението за внатрешна ревизија и број на извршени ревизии во текот на годината,

[29] Анекс договор број 18.1-47949/1 од 10.06.2020 година
[30] Број 18.1-13592/1 од 14.02.2022 година

- начинот на вреднување и евидентирање на залихите на материјали, резервни делови и ситен инвентар во магацините на Министерството,
- неусогласеност на евиденциите на постојаните средства во сметководствената и материјалната евиденцијата на Министерството, како и потребата од обезбедување на документи за сопственост или право на користење,
- недоследности при спроведувањето на пописот на средствата, побарувањата и обврските и
- недоследности при спроведувањето на јавните набавки.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точката 4.3. финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Министерството за внатрешни работи на ден 31 декември 2020 година како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точките 4.2. и 4.4. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Министерството за внатрешни работи, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

6.1. Согласно член 192 од Законот за Агенцијата за национална безбедност[31] од 01.09.2019 година со работа започнува Агенцијата за национална безбедност (Агенцијата) како самостоен орган на државната управа со својство на правно лице. Со денот на започнување со работа на Агенцијата, Управата за безбедност и контраразузнавање во Министерството за внатрешни работи престанува со работа.

Владата на РСМ согласно член 190 од наведениот закон, со цел основање и воспоставување на Агенцијата, обезбедува недвижен имот за седиштето на Агенцијата во Скопје. Целокупниот недвижен и движен имот, опремата, книговодствената евиденција, документацијата, архивата и средствата за работа кои до денот на отпочнување на примената на овој закон ги користела Управата за безбедност и контраразузнавање во Министерството за внатрешни

[31] „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 108/19

работи, освен недвижниот имот кој го користела Управата за безбедност и контраразузнавање во седиштето на Министерството за внатрешни работи во Скопје, ги преземала Агенцијата.

Министерот за внатрешни работи со цел успешно спроведување на целокупната активност околу поделбата на недвижниот и движен имот со Агенцијата, во ноември 2019 година носи Акционен план[32] и формира меѓуресорска работна група[33] со задача да ја утврди фактичката состојба на недвижниот и движниот имот, опремата, книговодствената состојба, документацијата, архивата и средствата за работа кои ги користела Управата за безбедност и контраразузнавање во Министерството, како и да изготви записници за констатираната состојба најдоцна до 15.12.2019 година. За извршените активности Работната група изработила и доставила Извештај до министерот за внатрешни работи.

Согласно Извештајот за утврдената фактичка сметководствена состојба, Министерството во текот на 2020 година, врз основа на осум Одлуки на Владата на РСМ за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари[34] и договори за давање на трајно користење на движни ствари, ги предало основните средства и ситниот инвентар во владение на Агенцијата во вкупен износ од 338.908 илјади денари. За предадените основни средства на Агенцијата, во сметководствената евиденција на Министерството извршен е отпис на средства.

Истакнуваме дека до денот на завршување на ревизијата се уште не е извршено примопредавање на недвижниот имот, четирите беспилотни летала и информатичката и телекомуникациската опрема на Агенцијата.

Министерството и Агенцијата во 2019 година потпишале Меморандум за соработка со цел регулирање и воспоставување на механизми на соработка помеѓу себе.

Во извештајот од работната група е констатирано дека од причина што станува збор за обемен недвижен имот со кој располага Министерството а кој имот го користи Агенцијата, за секоја недвижна ствар ќе се одлучува и постапува поединечно и по обезбедување на целокупната потребна документација ќе се пренесува правото на користење на недвижниот имот за потребите на Агенцијата со одлуки на Владата на РСМ, без да се прецизирани точни рокови за реализација на активностите во врска со недвижниот имот.

---

[32] Број 02-2296/1 од 29.11.2019 година

[33] Решение за формирање на меѓуресорска Работна група број 13.1.2-97206/1 од 29.11.2019 година

[34] Одлуки на Владата на РСМ за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари број 129/1, 132/1, 133/1, 134/1, 135/1, 136/1, 137/1 и 138/1 од 28.12.2019

6.2. Обрнуваме внимание дека согласно евиденцијата на Одделот за правни работи за 2018, 2019 и 2020 година, Министерството е тужена страна во судски спорови со физички лица- вработени лица во Министерството поради неисплатени додатоци по основ на прекувремена работа, ноќна работа, работа во празник, дневници, бонус од плата, во износ од 382.117 илјади денари. Исто така Министерството за внатрешни работи има поднесено тужби кон физички лица вработени во Министерството или повеќе не се вработени во Министерството по основ на надомест на штета, стекнување без основ, ненаплатен долг, отказ, во износ од 23.776 илјади денари, како и кон комитенти за извршени услуги за асистенции во износ од 5.556 илјади денари. Исходот од постапките може да има влијание на износот на расходите на Министерството.

6.3. Во текот на ревизијата од страна на Министерството прифатени и спроведени се следниве корекции дадени од Државниот завод за ревизија и тоа:

- корекции кои предизвикаа промени во активата и пасивата во финансискиот извештај - Биланс на состојба во вкупен износ од 16.986 илјади денари, спроведени во налози за книжење број 328, 1573, 1574, 1575, 1576 од 29.09.2020 година; 1813, 1814, 1815 од 25.10.2021 година, 2152, 2153, 2154, 2185, 2166, 2167 од 30.11.2021 година, 2697 и 2718 од 31.12.2021 година и
- корекција на позициите Вонбилансна актива и Вонбилансна пасива, во вкупен износ од 62.933 илјади денари, спроведена во налози за книжење број 2155 од 30.11.2021 година и 2718 од 31.12.2021 година.

Спроведените корекции на секоја позиција поодделно, детално се прикажани во делот Образложенија кон финансиските извештај од конкретниот случај.

6.4. Заради превенција од последиците на пандемијата предизвикана од КОВИД-19 вирусот, Министерството има преземено мерки за заштита на здравјето и животот на вработените, со што во текот на 2020 година спроведени се постапки за јавни набавки за набавка на маски, ракавици, уреди за мерење на телесна температура и дезинфекциски средства во вкупен износ од 69.476 илјади денари без ДДВ.

Изразувајќи солидарност во справување со кризата предизвикана од вирусот КОВИД-19, склучени се договори за донација и исплатени се средства во вкупен износ од 2.383 илјади денари на јавни здравствени установи во РСМ.

| БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2020 година | | | |
|---|---|---|---|
| | | | во 000 денари |
| Опис на позицијата | Образло жение | 2020 | 2019 |
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1. | 9.737.148 | 9.884.037 |
| **Вкупно приходи** | | **9.737.148** | **9.884.037** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати и надоместоци | 3.2.1. | 8.052.805 | 7.800.339 |
| Стоки и услуги | 3.2.2. | 1.171.334 | 1.295.431 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.3. | 166.174 | 81.082 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **9.390.313** | **9.176.852** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.2.4. | 346.835 | 707.185 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **346.835** | **707.185** |
| **Вкупно расходи** | | **9.737.148** | **9.884.037** |

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2020 | 2019 |
|---|---|---|---|
| Актива | | | |
| | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | | - | 5.126 |
| Побарувања од вработените | | 6.678 | 8.331 |
| Активни временски разграничувања | | 695.282 | 737.519 |
| Залихи | | 1.097.767 | 1.140.272 |
| Аванси за капитални средства | | 613.164 | 717.481 |
| **Вкупно тековни средства** | | **2.412.891** | **2.608.729** |
| | | | |
| **Постојани средства** | | | |
| Нематеријални средства | | 4.511 | 8.025 |
| Материјални добра и природни богатства | | 566.503 | 556.486 |
| Материјални средства | | 4.901.086 | 5.326.422 |
| Материјални средства во подготовка | | 210.283 | 189.637 |
| **Вкупно постојани средства** | | **5.682.383** | **6.080.570** |
| | | | |
| | | | |
| **Вкупна актива** | | **8.095.274** | **8.689.299** |
| **Вонбилансна актива** | | **20.309** | **16.633** |
| **Пасива** | | | |
| | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | | 38.530 | 88.226 |
| Краткорочни финансиски обврски | | 7 | 7 |
| Обврски спрема државата и други институции | | 3.085 | 1.865 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | | 653.667 | 647.428 |
| Пасивни временски разграничувања | | 619.835 | 730.931 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **1.315.124** | **1.468.457** |
| | | | |
| | | | |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | | 6.780.150 | 7.220.842 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **6.780.150** | **7.220.842** |
| | | | |
| | | | |
| **Вкупна пасива** | | **8.095.274** | **8.689.299** |
| **Вонбилансна пасива** | | **20.309** | **16.633** |

| ПРЕГЛЕД<br>НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2020 ГОДИНА | | | |
|---|---|---|---|
| | | | во 000 денари |
| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар ) | Вкупно |
| | | | |
| **Состојба 01.01.2020 година** | **6.080.570** | **1.140.272** | **7.220.842** |
| | | | |
| **Зголемување по основ на:** | **416.774** | **417.890** | **834.664** |
| Набавки | 160.100 | 317.876 | **477.976** |
| Ревалоризација на капитални средства | 75.005 | - | **75.005** |
| Преостапени постојани средства | 33.235 | 21.015 | **54.250** |
| Корекции -зголемена вредност на градежни објекти за извршени реконструкции | 45.522 | - | **45.522** |
| Корекции-пренос од средства во подготовка | 51.592 | - | **51.592** |
| Корекции-пресметана ревалоризација | 470 | - | **470** |
| Останати зголемувања (по основ на презадолжување на опрема по организациски единици и по вработени, кога опремата се враќа и констатиран вишок по попис на залиха на материјали) | 50.850 | 78.999 | **129.849** |
| | | | |
| **Намалување по основ на:** | **831.947** | **460.395** | **1.292.342** |
| Отпис на капитални средства | - | - | - |
| Амортизација | 662.409 | - | **662.409** |
| Останати намалувања по основ на презадолжување на опрема по вработен и издадени прехрамбени артикли | 54.968 | 460.395 | **515.363** |
| Корекции-пренос од средства во подготовка | 113.631 | - | **113.631** |
| Корекции-пресметана амортизација | 939 | - | **939** |
| | | | |
| **Состојба 31.12.2020 година** | **5.665.397** | **1.097.767** | **6.763.164** |

Република Северна Македонија

**Министерство за внатрешни работи**

**Рег. бр.** 17- 44683/1
**Скопје,** 21-04-2022 **2022 година**

**ДО**
**Државен завод за ревизија**
Ул. Павел Шатев бр.2
Палата "Емануел Чучков",
Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar më: | 27.04.2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj. org. | Број: Nr. | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlera: |
| | 10-742/8 | | |

**ПРЕДМЕТ:** Известување, доставува,-
**ВРСКА:** Ваш акт10-742/7 од 22.03.2022 година

Почитувани,

Во врска со доставениот акт под горенаведениот број и датум и во прилог Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија и финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на Министерството за внатрешни работи за сметките на основен буџет (637) и (631), сметката на буџет од самофинансирачки активности (787), и сметките на буџет од донации (785 15) и (785 20), ве известуваме дека истиот е разгледан во делот на дадените наоди и препораки.

Во врска со констатираната состојба која се однесува на работењето на МВР од Нацрт Извештајот за сметка на основен буџет **(637),** ве известуваме за следново:

**4.2. Усогласеност со закони**

**Во однос на препораката под точка 4.2.1** да се донесат сметководствени политики, Правилникот за сметководствени политики на МВР е подготвен и даден на номотехничко уредување на надлежна правна служба по што ќе биде доставен на одобрување на Министер.

Со донесување на овој документ ќе се доуредат и допрецизираат одредени специфики на работењето и ќе се прикажат во детали основните работни процеси, изготвување на буџет и контрола на плаќање, сметководствена евиденција и попис, пресметка и исплата на плата, со опфаќање на дел од работните процеси за јавни набавки со цел заокружување на системот на внатрешно управување и контрола со јавните финансии.


Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
Ул. Димче Мирчев бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3 117 222
www.mvr.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

Исто така со донесување на овој документ ќе се постигне целта - подготвувањето и презентирањето на финансиските извештаи да бидат усогласени со законската регулатива и подзаконските акти кои го уредуваат начинот на водење на деловните книги и изготвување на финансиските извештаи.

## 4.3 Финансиски извештаи

**Во однос на препораката под точка 4.3.2** да се донесе интерен акт со кој ќе се уреди начин на вреднување на залихи при нивно издавање, во завршна фаза е работата на работната група за измена на Упатството за начин на евидентирање и вреднување на залихите на материјали, резервни делови и ситен инвентар во магацините на министерството за внатрешни работи во делот на уредување на начинот на вреднување на залихите при нивно издавање.

Во новиот софтверски систем приемниците за потрошен материјал веќе се изготвуваат и евидентираат согласно цените по договори, што беше и презентирано за време на ревизијата со дадена фактура со приемница изготвена преку новиот софтверски систем и потврдено е дека е усогласено, а издавањето на потрошниот материјал во наведениот систем се евидентира според основен метод на вреднување на залихите прва влезна прва излезна фи-фо метода.

Во врска со препораката евидентирање на потрошниот материјал поодделно во материјалната евиденција, во новиот софтверски систем веќе е воспоставен овој начин на работа и се книжи по шифра на артикал според видот на секој набавен материјал при прием и издавање.

**Во однос на препораката под точка 4.3.3** Централната комисија да врши збирно усогласување на постојаните средства, побарувањата и обврските на ниво на цело министерство, во новиот софтверски систем во делот за попис изготвен е модулот за попис и ќе бидат унифицирани извештаите за комисиите и автоматски ќе се изготвува збирен преглед во делот на постојаните средства преку новиот софтвер и ќе се врши усогласување на сметководствената состојба со извештаите од баркодираните читачи, започнувајќи со пописот на МВР за 2022 година. Исто така ќе биде унифициран начин на изработка и доставување на извештаите на поддделните пописни комисии заради изготвување збирен преглед на ниво на целото министерство за усогласување со сметководствената состојба.

Во врска со препораката салдата на девизните благајни да се пресметаат по среден курс на НБРСМ објавен на 31.12, имаме забелешка на вашата препорака и укажуваме дека на ден 31.12.2020 година салдото на девизните благајни изнесува нула, бидејќи согласно член 7 од Законот за буџетите, неискористените средства по

основ на подигната готовина од сметката за редовно работење (637) се вратени на сметката на основниот буџет.

Во делот од извештајот **3. Биланс на приходи и расходи, под точка 3.2.3 Субвенции и трансфери**, имаме забелешка дека исплата на отпремнини не е планирано ниту се врши од сметка 637, додека во врска со искажаното исплата на степен на кариера, ваков надоместок не е исплатен ниту извршен од сметка.

Во врска со констатираната состојба која се однесува на работењето на МВР од Нацрт Извештајот за сметка на основен буџет **(631)**, ве известуваме за следново:

**4.2 Финансиски извештаи**

**Во однос на препораката под точка 4.2.1** да се воспостави аналитичка евиденција на приходите по основот по кој се остваруваат, во новиот софтвер за сметководствено работење воспоставена е аналитичка евиденција на приходите согласно основот по кој се остваруваат и уплатите се евидентираат и следат на следниве приходни конта: 723211-Регистерски таблици; 724122-Пасоши; 7241220-Итни пасоши; 7241221 Лични карти; 724119-Возачки дозволи; 7241191-Сообраќајни дозволи; 7241222-Уплати од останати обрасци.

Во делот од извештајот **4. Биланс на состојба, под точка 4.2.3 Обврски за даноци и придонеси од добивка**, имаме забелешка во врска со искажаното дека проценетата позиција се однесува на неподмирени обврски кон државата, а всушност треба да гласи – пресметан данок на добивка по завршна сметка и истиот е платен во законски предвидениот рок на плаќање до 15.03.2021 година.

Во врска со констатираната состојба која се однесува на работењето на МВР од Нацрт Извештајот за сметка на буџет од самофинансирачки активности **(787)**, ве известуваме за следново:

**4.1. Финансиски извештаи**
**Во однос на препораката по точка 4.1.1** укажуваме дека Министерството за внатрешни работи води сметководствена евиденција на храна и пијалок во одморалиштата на МВР Охрид, Крани и Пониква и за приемот и издавањето на прехрамбените производи воспоставен е систем на финансиска евиденција и материјално евидентирање за нивно следење при влез и излез на артиклите по шифри во новиот софтверски систем.

Република Северна Македонија

**Министерство за внатрешни работи**

Влезот на прехрамбените артикли се евидентира по шифра на артикал, количина, по набавни цени, а излезот на готовите производи по продажни цени и разлика во цени согласно Правилник за работа на одморалиштата, Решенијата за формирање цени и Нормативите изготвени од страна на Одделот за општи и заеднички работи.

Со почит,

**Подготвил:** Маја Филиповска-Чаушевска
Силва Трајковска
**Контролирал:** Бобан Атанасовски

**Согласен:**
**ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР**
М-р Магдалена Несторовска

**Одобрил:**
**МИНИСТЕР ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**
Оливер Спасовски


Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
Ул. Димче Мирчев бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3 117 222
www.mvr.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

Прилог број 3

Одговор
на забелешки на
Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор

На ден 27.04.2022 година добиени се забелешки број 17-44683/1 од 21.04.2022 година на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на Министерството за внатрешни работи (во натамошниот текст Министерството) број 10-742/1 од 22.03.2022 година, од овластеното лице на Министерството, заведени во Државниот завод за ревизија под број 10-742/8 од 27.04.2022 година.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

Сметка на основен буџет (637)

1. Забелешката на дадената **препорака на точката** 4.2.1. која се однесува на започнатите активности на Министерството за изработка и донесување на сметководствени политики и нивна имплементација, претставува **известување** за текот на активностите кои ги презема Министерството во насока на спроведување на препораката. Имено, Министерството извести дека изработен е Правилник за сметководствени политики на МВР, кој е во фаза на номотехничко уредување и одобрување од министерот, која состојба соодветно ќе биде обелоденета во Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор.

2. Забелешката на дадената **препорака на точката** 4.3.2. која се однесува на започнатите активности во Министерството за донесување на интерен акт за уредување на начинот на вреднување и евидентирање на залихите на материјали, претставува **известување** за преземените активности од страна на Министерството во насока на спроведување на препораката.
   Министерството извести дека во завршна фаза се активностите на работната група за измена на интерниот акт за евидентирање и вреднување на залихите на материјали, резервни делови и ситен инвентар, како и дека во тек е имплементација на новиот софтверски систем со кој ќе се надминат констатираните состојби.

3. Забелешката на дадената препорака на **точката 4.3.3.** која се однесува на мерките и активностите кои треба да се преземат при спроведување на пописот во делот на збирно усогласување на постојаните средства, побарувањата и обврските на ниво на министерството, претставува **известување** за преземените активности од страна на Министерството во насока на спроведување на препораката.

   Министерството извести дека со имплементација на новиот софтверски систем, започнувајќи со пописот за 2022 година ќе се обезбедат унифицирани извештаи од пописните комисии, како и збирен преглед врз основа на кој ќе се врши усогласување на сметководствената состојба со фактичката состојба на средствата, на ниво на Министерството.

4. Забелешката на дадената препорака на **точката 4.3.3.** која се однесува на усогласување на салдата на девизните благајни по среден курс на Народната банка на РСМ објавен на ден 31 декември, претставува **известување** за состојбата на искажаното салдо на девизната благајна на сметката на основен буџет (637) која состојба овластениот ревизор ја имаше во предвид во текот на вршење на ревизијата. Имено, утврдената состојба и дадената препорака се однесуваат на пописот на средствата, побарувањата и обврските за 2020 година на сите сметки на Министерството, при што утврдено е  салдо на девизната благајна на сметката на основен буџет (631).

5. Забелешката на Образложенија кон финансиските извештаи, на точка **3. Биланс на приход и расходи, подточка 3.2.3. Субвенции и трансфери** која се однесува на исплата на надоместок за степен на кариера за вработени врз основа на судски пресуди и исплата на отпремнина за одење во пензија, **се прифаќа** поради тоа што станува збор за техничка грешка. Наведената состојба ќе биде соодветно обелоденета во Образложенијата кои се составен дел на Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор.

   **Сметка на основен буџет (631)**

6. Забелешката на дадената препорака на **точката 4.2.1.** која се однесува на активностите кои треба да ги преземе Министерството за воспоставување аналитичка евиденција на приходите согласно основот по кој се остваруваат, претставува **известување** за преземените активности од страна на Министерството за спроведување на препораката.

   Имено, Министерството извести дека во новиот систем за сметководствено работење воспоставена е соодветна аналитичка евиденција на приходите согласно дадената препорака.

7. Забелешката на даденото Образложение кон Нацрт извештајот за точка **4. Биланс на состојба, потточка 4.2.3 Обврски за даноци и придонеси од добивка,** која се однесува на неподмирени обврски кон државата за данок на добивка, претставува **известување** дека терминолошкиот израз „неподмирени обврски кон државата за данок на добивка" се однесува на пресметаниот данок на добивка по завршна сметка кој доспева за плаќање во наредната година. Дополнителното објаснување за наведената обврска, ќе биде соодветно наведена во образложенијата кои се составен дел на Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор.

**Сметка на буџет од самофинансирачки активности (787)**

8. Забелешката на дадената препорака на **точката 4.1.1.** која се однесува на започнатите активности на Министерството за изработка и донесување на сметководствени политики и нивна имплементација при вреднувањето и евидентирањето на залихите на материјалите во магацините, кујните и бифеата на Министерството, претставува **известување** за преземените активности во насока на спроведување на препораката, како и дека во новиот софтверски систем воспоставена е финансиска и материјално евиденција за соодветно следење на материјалите во магацините, кујните и бифеата на Министерството.